**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk**

Уп. бр. 08-2

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на страна на Г-дин Франциско Хавиер Пухол, со живеалиште на Авенида Педралбес, 30, 5º, 2ª, 08034, Барселона, Шпанија, доставено преку Андреа Лазаревска, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 11.02.2026 година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува концентрацијата со која Г-дин Франциско Хавиер Пухол, со живеалиште на Авенида Педралбес, 30, 5º, 2ª, 08034, Барселона, Шпанија, ќе стекне индиректна единствена контрола, преку M&J Инв Еспана 2025, С.Л.У со седиште Авенида Педралбес, *30, 5º, 2ª, 08034*, Барселона, Шпанија, врз Фикоса Интернашнл, С.А., со седиште Гран Виа Карлос III, 98, 5ª спрат, 08028, Барселона, Шпанија со стекнување на 100% од нејзините удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден на 16.12.2025 година, и дополнето на 23.01.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Г-дин Франциско Хавиер Пухол, со живеалиште на Авенида Педралбес, 30, 5º, 2ª, 08034, Барселона, Шпанија, со која Г-дин Франциско Хавиер Пухол, ќе стекне индиректна единствена контрола преку M&J Инв Еспана 2025, С.Л.У со седиште Авенида Педралбес, *30, 5º, 2ª, 08034*, Барселона, Шпанија, врз Фикоса Интернашнл, С.А. , со седиште Гран Виа Карлос III, 98, 5ª спрат, 08028, Барселона, Шпанија со стекнување на 100% од нејзините удели.

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk**e-mail:**kzk@kzk.gov.mk**

Г-дин Пухол, како физичко лице, се занимава со економска дејност во свое име преку обезбедување услуги. Понатаму, г-дин Пухол е единствен сопственик на M&J Инв Еспана 2025, С.Л.У.

Г-дин Пухол и M&J Инв Еспана 2025, С.Л.У. немаат никакви поврзани друштва, подружници или претставништва во Северна Македонија, ниту пак остваруваат промет во земјата.

Фикоса Интернашнл, С.А. е глобален снабдувач посветен на истражување, развој, производство и пласман на системи со напредна технологија за визија, безбедност, поврзаност и ефикасност за автомобилскиот и секторот за мобилност. Фикоса Интернашнл, С.А. е основана во 1949 година. Главната канцеларија на Фикоса Интернашнл, С.А. се наоѓа во Барселона (Шпанија), а компанијата има производствени центри, инженерски центри и продажни канцеларии во 16 земји во Европа, Северна Америка, Јужна Америка и Азија.

Фикоса Интернашнл, С.А. нема подружници, филијали или претставништва во Северна Македонија, но 2024 година остварила приходи во Северна Македонија преку продажба на стоки (камери).

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од

Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р. Малинка Сиљановска Николиќ**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk